Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-183/2
01-04-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 0802-183 од 22.3.2022 година, поднесена од [redacted] против Управен суд Скопје, за извршена дискриминација во областа на домување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 1.4.2022 години, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**За отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненавременост**

Образложение

На 22.3.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје против Управен суд Скопје, за извршена дискриминација во областа на домување.

Подносителот во претставката го опишува настанот кој е повод за поднесување на претставката од 11.8.2014 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."*

Од причина што за поднесување на претставката не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
1.4.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]